# ЉУПЧО АРСОВСКИ
(1948)

Роден е во Скопје, на 19 октомври 1948 година.

Поранешен амбасадор на Република Македонија во повеќе земји, и со богата дипломатска кариера.

Во 2019 е еден од основачите на Здржението на амбасадори и по формирањето ја извршува функцијата Претседател на Советот на Амбасадори.

Оженет со сопругата Славица и има две деца ќерката Јана и синот Дамјан.

Основно и средно образование завршил во родниот град. Дипломирал во 1974 година на Правниот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. По дипломирањето во 1974 година, се вработил во правната служба на некогашната ООЗТ ,,Интер Македонија –туризам и подоцна во "Интеримпекс" Увоз-Извоз , каде останува до 1977 година.

## ДИПЛОМАТСКА КАРИЕРА

Амбасадорот Љупчо Арсовски извршувал важни државни и дипломатски функции. Тој има континуитет во долгогодишната своја дипломатска кариера, која всушност ја започнал во 1977 година, вработувајќи се во Секретаријатот за односи со странство на Република Македонија.

Во периодот од 1979 до 1984 година, со мандат од пет години ја извршува функцијата Вице конзул во Генералниот конзулат на тогашната СФРЈ во Солун-Грција. Од 1985 до 1986 година станува Советник на Министерот за односи со странство. Следните девет години, односно во периодот од 1986 до 1995 година е назначен за Помошник на Министерот за надворешни работи на РМ.
А во периодот од 1996 до 2002 година, е акредитиран за прв амбасадор -Шеф на канцеларијата за врски на Р. Македонија во Атина-Грција извршувајќи ја оваа функција во два мадати еден по друг.
Во 1997 па се до 2003 година амбасадорот Арсовски ја извршува и функцијата Вонреден и ополномоштен амбасадор на Р.Македонија во Државата Израел (нерезидентен).

По враќањето од Грција во септември 2002 година ја извршува и функцијата Државен советник во Министерството за Надворешни Работи- Координатор на областа за конзуларни работи и граници (2002-2004), Во периодот 2003-2005 како Државен советник- Национален координатор за азил, миграции и визна политика

Од март 2008 до 2012 година, амбасадорот Љупчо Арсовски е именуван за Вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Романија, истовремено од 2010 до 2012 ја извршува и функцијата Вонреден и ополномоштен амбасадор во Република Молдавија.

По завршувањето на амбасадорската мисија во Романија и Молдавија, во 2012 година, се враќа во Македонија на работна позиција Државен советник-амбасадор во Министерството за Надворешни Работи.

## ПАРАЛЕЛНИ ЗАДОЛЖЕНИЈА И АКТИВНОСТИ

Паралелно со дипломатските активности, амбасадорот Љупчо Арсовски истовремено извршувал низа други активности и други задолженија.

Во 1979 година учествувал на едукативен програм и неколу месечен семинар во Лондон.
Во 1988 година пак Извршниот Совет на РМ го испраќа на Висок курс на Народната одбрана- Воена школа во Белград-Србија.

Три години по осамостојувањето на Република Македонија, односно во периодот од 1994 до 1995 година, е назначен за Претседател на државната комисија за разговори со границата на тогашната република СФРЈугославија.
Во меѓувреме од 1989-1995 година, тој раководи односно е Претседател на државната комисија за топонимите.
Од 2003 до 2004 година станува повторно Претседател но овој пат на Комисијата за чување, обележување, обновување и одржување на граничните ознаки на државната граница на Република Македонија Македонија со Бугарија, Грција и со Албанија. Од 2002 до 2004 година е член на Комисијата за борба против трговија со луѓе, член на Меѓуресорската комисија за интегрирано гранично управување , како и член на Владината Комисијата за борба против дрога и наркотици.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Покрај професионалните обврски, активности и задолженија, амбасадорот Љупчо Арсовски, десет години бил член и на Комисија за меѓународна соработка на Авто Мото Сојузот на Македонија (1985-1995).

Активен чинител бил и на полето на хуманоста како Секретар на хуманитарната организација “Лазарус Македонија” (2004-2012), а од 2012 па се до 2019 година бил назначен за нејзин претседател.

Од 2016 е член на Хрватско-Македонкста Тангента чие седиште како невладина организација е во Шибеник, Хрватска, во која е избранза претседател на Комсијата за меѓународна соработка на Тангентата.

Како **експерт** од областа на дипломатијата, амбасадорот Љупчо Арсовски, во периодот од 2012 до 2017 година е назначен за Претседател на Комисијата за надворешни работи и интеграции на Либералната партија на Македонија.

Ко-автор е на книгата Дипломатско и конзуларно право која е и учебно помагало на Универзиетот ФОН. Автор е на повеќе статии публицирани во весници, списанија и книги , Во периодот 2013 е постојано поканува од голем број македонски ТВ на дебати на меѓународни теми. Чест гости е и на Македонското Радио Радио Скопје во емисии посветени на надворешната политика на Македонија и односите со соседите. Со свои реферати има настапувано во МАНУ на специјални собири посветени на Договорите со Бугарија и Грција.

Има изготвено и голем број рецензии за книги псветени на дипломатјта , конзуларните работи и прашањата за државните граници на Република Македонија и има изготвено поговори на неколку книги посветени на развојот на Република Македонија во првите години по осамостојувањето..

Хоби му се скијањето и ловот како и градинарските активности.

Зборува англиски, грчки, сите јазици на поранешна Југославија, се служи со романскиот и со влашкиот јазик (по таткова линија од Галичник, по мајка од Крушево).